**Архивски број: 04 – 1220/10**
**Дата:22.09.2023 година**

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Сл.Весник на Р.М" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 и „Сл.Весник на РСМ" бр.257/19,14/20,215/21 и 99/22) , а во врска со интерниот оглас за унапредување во Државниот инспекторат за транспорт бр.01/2022, и Предлогот за унапредување на кандидатите по интерен оглас бр.04-1220 од 04.09.2023 година, в.д.Директорот на Државниот инспекторат за транспорт донесе :

**О Д Л У К А**
**за избор за унапредување на административен службеник за работното место број 1**

1. Во врска со интерниот оглас број 01/2023 за унапредување на административен службеник во Државниот инспекторат за транспорт, објавен на веб страната на Државниот инспекторат за транспорт и Агенцијата за Администрација, за следните работни места

- ИНС0101В02001 – Самостоен инспектор за патен сообраќај за град Прилеп, Македонски Брод и Крушево во Одделение за инспекциски надзор над патниот сообраќај во Сектор за инспекциски надзор – 1 (еден) извршител од предложената Ранг листа **СЕ ИЗБИРА** следниот кандидат: Нестор Јаковлевски

2. В.д.Директорот на Државниот инспекторатза транспорт во рок од 5 дена на избраните кандидати по конечноста на одлуката ќе донесе решение за унапредување на административните службеници од точка 1 на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиеното известување за обезбедни средства од Министерство за финансии бр.18-8651/2 од 17.08.2023 год, за унапредување на административни службеници, Државниот инспекторат з атранспорт на ден 11.09.2023 год, објави на веб страната на ДИТ и на Агенцијата за администрација Интерен оглас бр.01/2023 заведено под бр.04-1220/2 од 06.09.2023 год, за унапредување на 1 државен службеник

Во врска со наведениот оглас и работните места, Комисијата за унапредување на административни службеници, формирана со Решение бр. 04-1220/6 од 20.09.2023 година, спроведе административна селекција по интерниот оглас, за што изготви записник за селекција на кандидатите заведено под бр. 04-1220/7 од 22.09.2023 година, како и спроведе интервју за што е составен Записник под бр.04 1220/8 од 22.09.2023 година.


Државен инспекторат за транспорт
Ул.Кузман Јосифовски Питу бр.21,
Скопје

Inspektorati shteteror per transport
Rr. „Kuzman Josifovski Pitu nr.21, Shkup

+389 2 2 464 510
www.dti.gov.mk

Комисијата врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во Записникот заведен под бр.04-1220/9 од 22.09.2023 година, изготви предлог одлука за избор на прво рангираните кандидат и истата ја достави до Директорот.

Согласно член 52 од Законот за административни службеници "Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник."
Имајќи го во предвид горенаведениот член, в.д.директорот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** **Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен,во рок од 8 дена.**

**в.д.Директор/u.d.Drejtor,**

Gajur Rushiti

ДОСТАВЕНО ДО:

- Кандидатите
- Огласна табла
- Архива